**ТУТУНСКИ КОМБИНАТ АД ПРИЛЕП**

# ПОЛИТИКА ЗА ИЗБЕГНУВАЊЕ СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

# НА ТУТУНСКИ КОМБИНАТ АД ПРИЛЕП

**Јуни 2024 година**

ТУТУНСКИ КОМБИНАТ
АД-ПРИЛЕП СО П.О.
Бр. 02-4/12-6
Прилеп 24.06 2024 год.

Врз основа на член 93 став 2 алинеа 6 од Статутот на Тутунски комбинат АД Прилеп,Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп на седницата од 24.06.2024 година по Записник бр.12 донесе

# ПОЛИТИКА ЗА ИЗБЕГНУВАЊЕ СУДИР НА ИНТЕРЕСИ НА ТУТУНСКИ КОМБИНАТ АД ПРИЛЕП

## I ВОВЕД

Со оваа Политика се утврдуваат основните начела и принципи за избегнување на случаите за судир на интереси преку идентификација на судирите на интереси кои може да се појават во односите на Тутунски комбинат АД Прилеп ( во натамошниот текст: Друштвото) со одредени лица како и активностите и мерките што треба да се преземат во случаите на постоењето на судир на интереси, односно управувањето со судирот на интересите.

## II ОСНОВНИ НАЧЕЛА

Основните начела согласно оваа Политика, а кои ќе се применуваат и при донесување на други интерни акти со кои се уредуваат одделни прашања во однос на судир на интереси на Друштвото со одредени лица се:

- Почитување на важечката законска и подзаконска регулатива во однос на судирите на интереси кои може да се појават во односите на Друштвото со одредени лица
- Обврска за членовите на Одбор на директори и сите лица со посебни овластувања и одговорности во Друштвото да не дозволат постоењето судир на интересите да влијае врз вршењето на нивните активности
- Должност на лицата со посебни овластувања и одговорности веднаш да пријават какви било состојби или односи коишто можат да доведат или веќе довеле до појава на судир на интересите
- Обврска на Одборот на директори на Друштвото да го следат спроведувањето на Политиката за избегнување судир на интереси.

## III ДЕФИНИРАЊЕ НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИТЕ

Судир меѓу личниот интерес и интересот на Друштвото постои кога со донесувањето на одлуки, склучувањето на договори или вршењето на други деловни активности се засега во материјалните или кој било друг вид на деловни или семејни интереси на следните лица:
(i) акционерите со квалификувано учество;
(ii) членовите на Одборот на директори;
(iii) членовите на другите органи на Друштвото утврдени со Статутот;
(iv) лицата со посебни овластувања и одговорности во Друштвото;
(v) вработените во Друштвото;
(vi) значајните деловни партнери и клиенти;
(vii) други лица поврзани со Друштвото; и
(viii) лицата кои согласно Закон се поврзани со претходно наведените лица.

Под остварување на материјален, деловен и семеен интерес се подразбира остварување на парична или друг вид на корист, директно или индиректно, за погоре наведените лица.

Лица со посебни овластувања и одговорности во смисол на оваа Политика се лицата за кои е уредено со Статутот на Друштвото дека се лица со посебни овластувања и одговорности. Врз основа на Статутот на Друштвото, покрај извршните директори, лица со посебни овластувања и одговорности се и директорите на погони и менаџерите на секторите во Друштвото.

## IV СПРЕЧУВАЊЕ НА ПОЈАВА НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИТЕ

Со цел да се спречи појава на судир на интересите лицата со посебни овластувања и одговорности во Друштвото, пред да започнат да вршат друга функција треба да утврдат дека согласно важечката законска и подзаконска регулатива и интерните акти на Друштвото, вршењето на новата функција нема да доведе до појава на судир на интереси со вршењето на фунцијата – лице со посебни права и одговорности во Друштвото.

Лицата со посебни овластувања и одговорности и вработените во Друштвото не смеат во текот на работното време и по истекот на истото да:

- вршат активности кои се конкурентни за Друштвото согласно Статутот и глава V од оваа Политика ,
- си обезбедат за себе и/или за лицата поврзани со нив посебни погодности за производите и/или услугите на Друштвото,
- ги искористуваат деловните можности кои и припаѓаат на Друштвото за свои лични интереси, ниту на лицата поврзани со нив,
- да остваруваат други надоместоци во форма на лични приходи освен утврдените со акти на Друштвото,
- да ја користат својата посебна положба и функција за остварување на личниот интерес и/или интересот на лицата повразани со нив.

Лицата со посебни овластувања и одговорности во Друштвото имаат должност до Одборот на директори веднаш да пријават какви било состојби или односи коишто можат да доведат или веќе довеле до појава на судир на интереси.

## V ЗАБРАНА ЗА КОНКУРЕНЦИЈА

Членовите на Одборот на директори и лицата со посебни одговорности и овластувања, како и членовите на нивните семејства (сопружници, родители и деца) без одобрение на Одборот на директори не смеат:

- За своја или туѓа сметка да вршат работи коишто спаѓаат во предмет на работење на Друштвото;
- Да вршат друга дејност или активност во друго Друштво со ист или сличен предмет на работење, платена или неплатена, за сопствена сметка или за сметка на друго лице;
- Да биде член на Одборот на директори или управен одбор или контролор во друго друштво коешто има ист или сличен предмет на работење како и Друштвото;
- Во просториите на Друштвото да врши работи за своја или за туѓа сметка.

За даденото одобрение од претходниот став, Одборот на директори го известува собранието на првата наредна седница.

Пред да биде избран за член на Одбор на директори, кандидатот во писмена форма го известува собранието за сите свои дејности и активности во друго друштво, платени или неплатени кои ги врши за сопствена сметка или за сметка на кое било друго лице.

Доколку членот на Одборот на директори или лицата со посебни одговорности и овластувања постапат спротивно на одредбите за забрана за конкуренција од оваа Политика и Статутот на Друштвото, Друштвото може да бара надомест на штета или да

бара на Друштвото да му се отстапи правната работа што ја склиучил за своја сметка и да му ја даде корисста што потекнува од правната работа склучена за своја или за туѓа сметка.

## VI ПОСТАПУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИТЕ

Лицата со посебни овластувања и одговорности имаат обврска да не дозволат постоењето на судир на интересите да влијае врз вршењето на нивните активности во Друштвото.

Лицата со посебни овластувања и одговорности не смеат да присуствуваат при разгледувањето и донесувањето на одлуки, да склучуваат договори или да вршат други деловни активности доколку нивната објективност е доведена во прашање заради постоење на судир помеѓу нивниот личен интерес и интересот на Друштвото.

За секој договор или друга деловна активност на Друштвото во коешто Друштвото е странка и во коешто член на Одборот на директори или лице со посебни овластувања и одговорности има интерес, дури и на посреден начин се постапува согласно ЗТД и Статутот на Друштвото.

Секој член на Одборот на директори или лице со посебни овластувања и одговорности кое има интерес е должен веднаш да го пријави тоа. Ако член на Одборот на директори или лице со посебни овластувања и одговорности дојде до сознание дека е исполнет услов содржанво претходниот став, за тоа веднаш го известува Одборот на директори. Заинтересираниот член на Одборот на директори или лице со посебни овластувања и одговорности има право да биде сослушан, но не може да учествува во расправата или во одлучувањето во врска со договорот или со друга правна работа во било кој дел од процесот на донесување на одлуката за давање на одобрението.

За постоење на судир на интереси се дава писмена изјава и пред одржување на состанокот за разгледување и донесување на одлуки, склучување на договори или вршење на друга деловна активност.

Писмената изјава за постоење на судир на интереси се доставува до Одборот на директори на Друштвото и во неа се наведува основот од кој произлегува судирот меѓу личниот интерес и интересот на Друштвото.

## VI ЗДЕЛКА СО ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА

Секоја зделка (вклучувајќи, без ограничување, заем, кредит, залог или гаранција), вокоја заинтересираната страна е член на Одборот на директори вклучувајќи ги и раководните лица, или акционер во Друштвото кои заедно со поврзаните лица поседуваат 20% или повеќе проценти од акциите со право на глас на Друштвото или лице кое има овластување да дава упатства на Друштвото што се задолжителни, се смета за зделка со заинтересирана страна и се извршува од страна на Друштвото во согласност со одредбите од ЗТД и Статутот на Друштвото.

Се смета дека лицето е заинтересирана страна и има интерес во извршување на зделката од страна на Друштвото, доколку тоа лице, негов застапник, брачен другар, родители, деца, браќа, сестри од двајцата или само од едниот родител, родители посвоители, посвоени деца и/или некое лице поврзано со нив:

- Е страна во таквата зделка, нејзин корисник, застапник или посредник во таква зделка, или
- Поединечно или заедно поседуваат 20% или повеќе проценти од акциите на правното лице кое е страна во зделката, нејзин корисник, застапник или посредник во таквата зделка, или

- Е член на органот на управување на правното лице кое е страна во зделката, нејзин корисник, застапник или посредник во таква зделка, или е раководно лице на тоа правно лице, или
- Кога е тоа определено со Статутот.

Членовите на Одборот на директори и лицата со посебни властувања и одговорности се должни да го известат Одборот на директори:

- За друштвата во кои тие сами или заедно со поврзани лица имаат 20% или повеќе проценти од уделот, однсоно акции со право на глас,
- За друштвата во чиишто органи имаат управувачки функции и
- На нив познати тековни и можни зделки во кои се заинтересирана страна.

Секоја зделка со заинтересирана страна е предмет на одобрение од страна на Одборот на директори или на собранието, на начин и во постапка предвидени со ЗТД и Статутот на Друштвото.

Одредбите за зделка со заинтересирана страна не се применуваат само во исклучоците предвидени со ЗТД и Статутот на Друштвото.

Друштвото води евиденција за лицата поврзани со него и постојано истата ја ажурира. Во деловните односи со поврзаните лица со Друштвото не се применуваат поповолни критериуми во однос на другите клиенти на Друштвото, односно не се воспоставуваат правила и критериуми со кои би се фаворизирале лицата поврзани со Друштвото. Друштвото стриктно ја применува важечката законска и подзаконска регулатива и интерните акти во вршењето на трансакции со поврзаните лица и зделките со заинтересирана страна.

## VII КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Непочитувањето на одредбите на оваа Политика преставува повреда на работните обврски и истото ќе биде санкционирано согласно законските прописи и интерните акти на Друштвото.

## VIII ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Членовите на Одборот на дректори на Друштвото треба да избегнуваат судир на интереси. Одборот на дректори е должен да ја оценува соодветноста на оваа Политика и да врши нејзино ревидирање.

Одборот на дректори доставува годишен извештај за своето работење до Собранието на Друштвото во кој се доставуваат податоци и за постоењето на судир на интереси и преземените мерки.

За се што не е предвидено во оваа Политика ќе се применуваат позитивните законски прописи и интерните акти на Друштвото.

Оваа Политика влегува во сила со денот на донесувањето.

**Претседател на**
**Одбор на директори**
**на Тутунски комбинат АД Прилеп**
**Сретен Богоевски**

„Тутунски Комбинат" АД-Прилеп со П.О. Прилеп 7